Врз основа на член 26 од Законот за квалитетот на амбиентниот воздух („Службен Весник на РМ" бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 100/12, 04/13, 10/15 и 146/15), член 22, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 05/02), а согласно член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09,18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 27.11.2017 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ИТНИ МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАГАДУВАЊЕТО НА АМБИЕНТНИОТ ВОЗДУХ ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесуваат ИТНИ мерки за намалување на загадувањето на амбиентиот воздух на територијата на Општина Велес.

**Член 2**

ИТНИТЕ мерки се составен дел на Планот за квалитет на амбиентниот воздух на територијата на Општина Велес (2018-2022) и се следните:

- Се информираат правните и физичките лица дека користењето на несоодветни и опасни материјали (гуми, пластика, делови од мебел и др.материјали премачкани со боја и лепило, отпадно масло од автомобили и сл.) за греење во домаќинствата и индустријата е забрането;
- Се информираат правните и физичките лица дека палењето оган на отворено, палењето контејнери или стрништа е забрането;
- Се информираат трговските и угостителските субјекти дека доставувањето и однесувањето на стока до објектите, надвор од определениот режим утврден со Одлука е забрането;
- Индивидуалните домаќинства и домаќинствата во колективни станбени згради преку заедницата на станари, како и јавните установи се должни да вршат редовно чистење на оџаците;
- Се препорачува на ЈКП Дервен да врши редовно миење на улиците и тротоарите во вонредни околности (при зголемено аерозагадување);
- Се препорачува на граѓаните користење на јавен превоз, како и користење на едно возило од повеќе лица;
- Се задолжува Општина Велес да дистрибуира летоци со содржина за начинот користење и одржување на ложиштата, складирање на огревниот материјал и сл.

- Се задолжува Општина Велес, преку своите комунални редари да врши ефективна контрола на загадувањето на воздухот по службена должност, како и по пријава од страна на граѓани;
- Се препорачува на надлежниот орган за регулирање на сообраќајот да врши почести регулирања на сообраќајот посебно на т.н. „тесни грла во градот„ – главните сообраќајници;
- Се препорачува на надлежниот орган за регулирање на сообраќајниот режим (МВР СВР) да ги упати на дополнителен технички преглед сите возила, посебно тешки товарни возила (камиони и автобуси), кои не ги задоволуваат основните стандарди за емисии на загадувачки материи во воздухот;
- Се препорачува на индустриските капацитети да го намалат своето производство, посебно во попладневните часови, кога загадувањето е најголемо, како и да се врши зголемена контрола од страна на Инспекторатот за животна средина;
- Се повикуваат граѓаните на Општина Велес, да го пријават на ДЕЖУРНИОТ МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН секое палење гуми, кабли, отпад, стрништа, пластика или друг опасен отпад, а на бројот „192" да пријават возила кои оставаат впечаток дека не ги задоволуваат основните стандарди за емисии на загадувачни материи во воздухот;
- Во случаи на екстремно загадување (поминување на прагот на алармирање) најавено од општината, им се препорачува на граѓаните да останат во своите домови.

**Член 3**

Со донесувањето на ИТНИТЕ мерки се задолжува Општина Велес да ги објави на локалните медиуми и својата веб страна и да ја следи состојбата со квалитетот на воздухот.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесување, а ќе се објави во „Сл. гласник на Општина Велес".

Број 25-5073/10
28.11.2017 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров

Доставено до:
- Градоначалник;
- Одделение за инспекциски надзор;
- Одделение за урбанизам и животна средина;
- Списи и архива.